Влада на Република Северна Македонија
**Агенција за млади и спорт**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
AGJENCIA PËR RINI DHE SPORT
Бр.-Nr. 12-291/2
27-01-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на Одлука донесена од страна на директорот на Агенцијата за млади и спорт, со бр. *12-291/1 од 26.01.2023 година*, се објавува

*ЈАВЕН ПОВИК*

за Избор на младински делегат од Република Северна Македонија во работата на Обединетите нации, нејзините тела и комисии

**На повикот можат да се пријават млади лица на возраст од 18 до 27 години кој ги исполнуваат следниве критериуми**

- Да е државјанин/државјанка на Република Северна Македонија
- При аплицирање кандидатот/кандидатката да има наполнети 18 години и да нема повеќе од 27 години Во последните 5 години, најмалку 3 години да живеел/а во Република Северна Македонија
- Да има најмалку две (2) години искуство во работа со младински организации и/или организации за млади.
- Да има одлично познавање на англиски јазик, пишан и говорен
- Да има познавање за работата и структурата на Обединетите нации
- Да живее во Република Северна Македонија и да биде посветен на ангажманот за времетраење на целиот мандат
- Да достави уредно подготвено CV, мотивационо писмо и програма за работа

**Потребна документација за исполнување на критериумите :**

- Уредно (CV) мотивациско (на македонски јазик)
- Мотивациско писмо (на англиски јазик, 1 страна) и Предлог програма (концепт) за работа на Младинскиот делегат (2 страни). Предлог програмата (концепт) треба да ги содржи следните елементи:
  - предлог теми во фокус на ангажманот како Младински делегат во ОН и аргументација за избор на истите
  - пристап за застапување на ставовите на младите во земјата, предлог активности за консултација и комуникација со релевантите засегнати страни во матичната земја, со нагласување на клучните институции, организации, и групи кои планира да ги опфати во овие консултации

- предлог активности за менторство и пренос на знаењето на следниот Младински делегат во ОН
- Изјава со која кандидатот потврдува дека во последните пет (5) години, најмалку три (3) години живеел/а во Северна Македонија

- Контакти од две лица за препорака

Дополнителна документација (овие документи не се задолжителни, но доколку доставени придонесуваат кон повисоко бодување):

- Дипломи за завршени курсеви и тестирања за англиски јазик
- Писмо за поддршка од младинска организација, организација за млади или младинска чадор организација

Потребната документација да ја доставаат на следнава адреса :
*Агенција за млади и спорт, Сектор млади*
*Ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје (Палата „Панко Брашнаров")*
*Со назнака „**Младински делегат во ОН** "*
*Или лично, во Архивата на Агенцијата за млади и спорт.*

За дополнителни информации заинтересираните можат да се обратат mail: gordana@ams.gov.mk секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот, или во просториите на Агенција за млади и спорт, Сектор млади.

**Јавниот повик ќе трае 15 РАБОТНИ денови од денот на објавување односно до 16.02.2023**

Мандатот на младинскиот делегат ќе трае 2 години со што секој нов избран претставник ќе биде под менторство на оној што бил претходно со цел да се создаде квалитена база на млади луѓе кои ќе се користат во процесот на креирање младински политики и интегрирање во домашни и меѓународни процеси

## РАБОТНИ ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ

Избраниот Младински делегат ќе ја обавува оваа функцијата во 24 месеци од моментот на избор, од кои 12 месеци активно вршејќи ја улогата на Младински делегат и 12 месеци менторство на следниот младински делегат.

Во првите 12 месеци, младинскиот делегат е должен да присуствува на состаноците предвидени во програмата на ОН за младински делегати и на истите активно да учествува и придонесува. Младинскиот делегат е должен угледно и веродостојно да ги претставува интересите на младите и состојбите поврзани со ситуацијата на младите во Северна Македонија. Исто така делегатот ќе биде во редовна консултација со Канцеларијата на постојаниот координатор на ОН во

Северна Македонија, со цел информирање, размена на информации и вклучување во релевантни процеси.

Младинскиот делегат има обврска да се консултира со релевантните претставници од младинскиот сектор и клучни национални институции и партнери - Кабинет на Претседателот на Владата, Агенција за млади и спорт и формите на младинско учество.

Младинскиот делегат на ОН има обврска по секое учество на активност на ОН да подготви пишан извештај со информации за настанот, главните точки на дискусија и заклучоци, како и конкретниот придонес на младинскиот делегат во активноста. Младинскиот кандидат има обврска овој извештај во рок од 14 дена по завршување на активноста да го достави до Агенцијата за млади и спорт, Советникот на Претседателот на владата за младински прашања, Националниот младински совет, како и претставниците и телата на Обединетите нации во земјата (Канцеларија на постојаниот координатор на ОН, УНФПА и УНИЦЕФ). Националниот младински совет, од своја страна има обврска да го сподели извештајот со сите младински организации- членки.

По истекот на овој мандат кандидатот продолжува да служи како ментор на ново избраниот Младински делегат согласно програмата за работа која ја доставил при неговиот оригинален избор. Ангажманот како ментор на ново избраниот Младински делегат мора да биде распределен во траење од најмалку една година.

Агенција за млади и спорт